Врз основа на член 39 од Статутот на Македонската Риболовна Федерација (во понатамошниот текст МРФ) и Правилникот за организирање на натпревари во спортски риболов, Управниот одбор на МРФ на донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ

за натпревари во 2023 година во дисциплина "СПИН"

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овие пропозиции поблиску се уредуваат прашањата во врска со организирањето на натпреварите од страна на МРФ и Здруженија на спортски риболовци, Спортско-риболовни клубови, Спортско-риболовни друштва, (скратено име за сите риболовни здруженија и клубови во понатамошниот текст е РЗК) и тоа:

1. Лига натпревари во дисциплина „СПИН";
2. Натпревари во организација на РЗК.

**Член 2**

Натпреварите на кои се однесуваат овие Пропозиции, во сите дисциплини и конкуренции, се одржуваат согласно Правилата и Правилникот за организирање на натпревари во спортски риболов.

**Член 3**

Со натпреварите раководат:

- Организаторот (МРФ или РЗК)
- Натпреварувачката комисија (на МРФ или РЗК)

**Член 4**

За натпревари во организација МРФ се изработува Календар за секоја натпреварувачка година одделно.
Во истиот се внесуваат датумите и местото на одржувањето на натпреварите во сите дисциплини и конкуренции, со евентуални ограничувања за техниката на ловење и видови на риби кои не се бодуваат согласно Правилникот за организирање на натпревари во спортски риболов, а ако тоа го нема во правилникот да се дополни истиот.
За секој натпревар одделно, натпреварувачката комисија на Македонската Риболовна Федерација изготвува Програма и ја доставува до сите РЗК, членки на МРФ, најмалку 15 (петнаесет) дена пред одржувањето на истиот. Во истата се наведува и евентуално ограничување на приборот како и вид и големина на риба кои се/не се бодуваат согласно Правилникот за организирање на натпревари во спортски риболов, а ако тоа го нема во правилникот да се дополни истиот.

Натпреварувачката комисија може да врши измени на термините, техниката на ловење и видови на риби кои не се бодуваат согласно Правилникот за организирање на натпревари во спортски риболов, а ако тоа го нема во правилникот да се дополни истиот, како и местата на одржувањето на одделни натпревари, по однос на виша сила, неповолни услови, како и други непредвидени ситуации при кои не би можел да се организира и одржи натпревар.

**Член 5**

РЗК, организатори на натпревари во спортски риболов, до Македонска Риболовна Федерација, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државен инспекторат за земјоделство и Агенција за млади и спорт, задолжително доставуваат Програма со времето и местото на одржувањето на натпреварите најмалку 15 дена пред одржувањето на истите.

**Член 6**

За учество на натпреварите, без оглед дали се во организација на РЗК или МРФ, членовите на сите екипи учеснички задолжително да поседуваат спортска легитимација. За добивање на спортска легитимација потребно е да се достават до МРФ следниве документи :

- Барање за регистрација на сите натпреварувачи и капитени на екипите
- Спортски договори за сите натпреварувачи и капитените на екипите
- Спортски легитимации за сите натпреварувачи и капитените на екипите
- Лекарски уверенија за сите натпреварувачи издадено од лекар за спортска медицина или интернист
- Лично спортско осигурување за сите натпреварувачи

**Член 7**

На натпреварите во организација на МРФ, капитени на екипи можат да бидат само лица со валидни спортски Договори склучени со тоа РЗК.

На натпреварите во организација на МРФ, за екипа можат да натпреваруваат само натпреварувачи со валидни (важечки) спортски Договори склучени со тоа РЗК.

## II. ЛИГА НАТПРЕВАРИ

### Прва спортско риболовна лига во дисциплина „СПИН“

**Член 8**

Прва спортско риболовна лига на Македонија, во дисциплината „СПИН“ - конкуренција сениори, се одржува секоја година само во поединечна конкуренција и го носи името "Прва спортско риболовна лига СПИН"

**Член 9**

Право на учество имаат сите регистрирани спортски риболовци членови на РЗК членки на МРФ, доколку благовремено се пријават за учество во лигата и во здружението, во кое се регистрирани како спортски риболовци, ја уплати годишната членарина на МРФ за 2023 година во висина од 3000 денари.

**Член 10**

"Прва спортско риболовна лига СПИН" -времетраењето на Лигата е во 4 (четири) кола по 4 рунди во едно коло, секоја во траење од 45 минути, во четири натпреварувачки дена, по едно коло во натпреварувачки ден.

**Член 11**

Натпреварот нема да се одржи доколку се пријават помалку од 6 (шест) натпреварувачи.

**Член 12**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилникот за натпревари во дисциплина “СПИН“.

**Член 13**

Најдобро пласираниот поединец  се стекнува со епитет Победник на "Прва спортско риболовна лига СПИН" за 2023 година.

**Член 14**

Првопласираните 8 натпреварувачи од спин лигата на Р.М се здобиваат со статус репрезентативци и остваруваат право на настап за репрезентацијата на Р.Македонија за меѓународни натпревари под покровителство на ФИПС-ед асоцијација. Првопласираните 4 натпреварувачи од спин лигата се сигурни учесници на меѓународни натпревари под покровителство на ФИПС-ед асоцијација. Од останатите 5, резервата се бира од страна на селектор/тренер со тоа што истите мораат да бидат учесници во сите кола од спин лигата во тековната сезона од која се избира репрезентација за оваа година, или оправдано да отсуствуваат максимално 2 кола. Резервниот натпреварувач се натпреварува доколку некој од натпреварувачите не е во можност да се натпреварува. Избраната репрезентација од лигата во 2023 се стекнува со право  на настап на Светско првенство во дисциплина СПИН во Бугарија, од 13-14.05.2023.

**Член 15**

Се одржува СПИН КУП на Р.Македонија сениори во поединечна конкуренција

**Член 16**

Пресметувањето на резултатите ќе се врши согласно Правилникот за натпревари во дисциплина “СПИН“.

**Член 17**

Најдобро пласираниот поединец  се стекнува со епитет “Победник на СПИН КУП на Р.Македонија” за 2023 година.

**Член 18**

Натпреварот нема да се одржи доколку се пријават помалку од 6 (шест) натпреварувачи.

**Член 19**

" СПИН КУП на Р.Македонија " -времетраењето е во 6 (шест) рунди по 45 минути во еден натпреварувачки ден.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

По потврдување на уловот , на сите натпревари во организација на МРФ, рибата задолжително се враќа жива во вода.

**Член 21**

Капитенот/селекторот на репрезентацијата на Македонија го одредува УО на МРФ.

**Член 22**

Екипи на РЗК, членки на Македонска Риболовна Федерација, можат да настапат на меѓународни натпревари под услов да го пријават своето учество на тие натпревари во МРФ најмалку 15 дена пред настапот.

Без да го пријават своето учество во МРФ не смее да се учествува на тие натпревари. Во случај да земат учество на тие натпревари, без пријавување во МРФ, им се забранува секакво учество на натпреварите што ги организира МРФ во траење од 1 година (наредната натпреварувачка година).

**Член 23**

За сите натпревари се плаќа котизација, а износот го одредува Управниот Одбор на Македонската Риболовна Федерација, за секој натпревар одделно.

**Член 24**

Овие пропозиции влегуваат во сила со денот на донесувањето.

**НАТПРЕВАРУВАЧКА КОМИСИЈА ЗА ДИСЦИПЛИНА СПИН**

Сашо Васков-Претседател
Давор Рашиќ
Васе Ѓорѓески
Васил Костов
Перица Стојковски